## БИОГРАФИЈА

***АЛЕКСАНДРА КИРОВСКА** е родена на 19.6.2001 година во Скопје. Потекнува од музичко семејство и уште од најрана возраст покажува посебни афинитети и голема надареност за музика. Нејзиниот талент доаѓа до израз веќе на 5 годишна возраст кога ги компонира првите кратки композиции. Потоа започнува со инструментот гитара во класа на професорката Тања Јанкова. Од тогаш па се до сега настапува на голем број концерти, натпревари, семинари, мастер часови кај професорите Срѓан Тошиќ, Слободан Миливојевиќ, Росен Балкански, Дрилон Чочај, Столина Добрева, Никлас Јохансен. Во 2017 на државен натпревар е избрана за најдобар инструменталист-солист. Добитник е на први награди по солфеж и гитара на државни и меѓународни натпревари. Во 2019 година е избрана како најмлад учесник на Интернационалниот фестивал „Сараевска Зима" во Сараево помеѓу светски уметници и нејзиниот концерт наидува на одлични критики. Истата Година е добитник на прва награда на меѓународниот натпревар „Полихимниа". Во 2017, 2018 и 2019-та година одржува неколку солистички рецитали во Скопје и низ републиката, кои наидуваат на одлични критики. Во септември 2019 година настапува во Clavierhaus во New York. Средно музичко образование завршува во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј" во класа на проф. Борче Наумоски. Во септември 2021-ва година одржува 5 солистички рецитали, низ републиката (Неготино, Гевгелија), во Скопје, во Истанбул во Македонскиот културен центар, солистички концерт во Белград, и настапува на изложба во Белград каде што се прикажуваа дела на уметници од Јапонија, САД, Канада, Полска, Австрија и многу други. Во 2022 година настапува на Лешочкиот камерен музички фестивал со соло концерт. Во 2023 година настапува со гитарски квартет во Македонската Филхармонија и заедно одржуваат уште два концерти меѓу кои Штипско Културно Лето. Во јуни 2023 таа исто така настапува како соло гитарист (електрична гитара) на турнеја со светската пијанистка Лола Астанова. Во јуни 2024 настапува како солист со Македонската Филхармонија со Tedesco-Concerto in D (премиерна изведба). Александра ги завршува своите студии и се здобива со звање „Дипломиран класичен гитарист" во класата на професор Дејан Лазаревски во Музичка академија при Угд. Покрај класична гитара свири и електрика, neoclassical, и други стилови, прави аранжмани сама и има широки гледишта кон музиката бидејќи според неа гитарата е долга приказна која нема граници.*

*„Александра целосно, стамено, сугестивно, импресивно го стави на увид збирот од носечките компоненти за комплетна совладаност на концертната сцена, на психофизичкиот но пред сè, на меморискоизведувачкиот предизвик да се музицира во најсуштествениот сегмент којшто се нарекува креативна интерпретација. Таа е во извонредна синхронизација со својата изведувачка имагинација, со одличниот и култивиран степен на техницизам на спецификата на овој инструмент".*

*Васка Наумова-Томоска, Музички критичар и публицист*

***ДЕЈАН ЛАЗАРЕВСКИ**-вонреден професор на Музичка академија, Универзитет „Гоце Делчев", Штип*

*Основното и Средното музичко училиште го завршил во родниот град во Државниот музички училиштен центар „Сергеј Михајлов" – Штип.*

*Студиите ги продолжил на отсекот за класична гитара на Факултетот за музичка уметност, при универзитетот Св. „Кирил и Методиј", во Скопје, во класата на проф. Војислав Ивановиќ, а ги завршува во класата на проф. Тања Јанкова, каде што и магистрира.*

*Моментално е редовен проф. по гитара во ДМУЦ „Сергеј Михајлов" – Штип, и работи како хонорарен професор со насловно звање вонреден професор на-Музичка академија, Универзитет „Гоце Делчев", Штип,*

*Бил предавач на Семинарот за класична гитара, под покровителство на „Струмица Опен фестивал" 2014,2015, година;*

*Зел активно учество во проектот: „Music Entertaiment" – во Француска продукциска куќа, во рамките на МРТВ; Како солист и камерен музичар Лазаревски има настапувано на повеќе концерти, а дел од нив се: во квартет состав во 2023 год. има настапувано во, „Македонска филхармонија-Камерна Сала"-Скопје, Концерт во „Офицерски Дом"-Битола, Концерт на Штипско Културно Лето во „УГ Безистен"-Штип.*

*Концерт на „Гитар фест" – Крушево, Дуо две класични гитари со женскиот младински хор „Менада" 2024, Спомен куќа – Тодор Проески.*

*Солистички концерти во НУЦК „Никола Јонков Вапцаров" Делчево во 2023, Ликовен салон во Велес и ОУК „Дом на млади" – Штип во 2021 година; Солистички концерт во НУЦК „Ацо Шопов"-Штип, 2022, 2024 година; камерни концерти, дуо гитара со Горан Тонев во НУЦК „Антон Панов" – Струмица и ОУК „Дом на млади" – Штип во 2021 година. Има настапувано како солист и на Интернационалниот фестивал за гитара „Тремоло", КИЦ „Салон 19:19" – Скопје во 2017 година. Тој исто така има настапувано и со камерниот состав „Класична гитара и кларинет" со Иле Колев на „Штипско културно лето" во 2014 година, во Ликовниот салон – Велес во 2015 година, „Радовишко културно лето" во 2013 година. Како член на камерниот состав „Дуо гитари" со Виктор Пешчеров има настапувано на „Skopje Guitar Festival" во Скопје, во Сала „Фросина" при МКЦ во 2015 година, како и концерт во „Horten Kulturskole" во Хортен, Норвешка во 2022 година.*